**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

**Бр.** 03-3512/1

**Скопје** 28.09.**2021г.**

**Предмет: Дневен извештај**


**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**


Почитувани,

Согласно обврските од членот 76-в став 2 од Изборниот законик и нашиот институционален Меморандум за соработка, склучен на 04.02.2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го доставува дневниот извештај за **27 септември 2021** година.

Во него Ве информираме дека ги завршивме подготовките за мониторингот на начинот на покривање на изборната кампања и за мониторингот на платеното политичко рекламирање на сите радија и телевизии од Регистарот на ДИК. За потребите на овие мониторинзи освен претходно ангажираните двајца, од 27 септември, се ангажирани уште тринаесет нови соработници преку агенција за привремени вработувања.

Во текот на денов, беше одговорено и на две претставки, од Политичката партија Левица наш бр.03-11 од 24.09.2021 г., и од Либерално демократската партија, наш бр. 03-12 од истиот датум, поврзани со Упатството на Агенцијата за платено политичко рекламирање. Инаку, Советот на Агенцијата ги разгледа претставките на седницата одржана на 24.09.2021 г., и имајќи ги предвид различните ставови на заинтересираните страни за опфатот на субјектите кои имаат право да користат вкупно 1 минута на реален час за платено политичко рекламирање кај радиодифузерите во согласност со член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, одлучи да го измени Упатството. Пречистениот текст на Упатсвото за платено политичко рекламирање за „Локалните избори 2021" е достапен на следната адреса: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2021/09/Upatstvo-za-PPR-za-lokalnite-izbori-2021-precisten-tekst.pdf

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор**

---------------------------------------------------

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**